Образец бр. 2

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

- Опис на проблемите

Со реализација на овој проект значително ќе се подобрат транспортните врски кон источна Македонија. Автопатската врска ќе обезбеди високо ниво на услуги, вклучувајќи брз, сигурен и безбеден сообраќај. Со изградбата на оваа делница се намалува транспортното растојание помеѓу Скопје и Штип за повеќе од 15 км. Со проектот ќе се намалат трошоците за пристап до пазарите и услугите на заедниците кои се сервисираат преку овој магистрален пат.

Проектот ќе има директно влијание на зголемувањето на вработеноста и економскиот раст. Населението кое што живее во регионите каде што ќе се изведуваат работи на изградба на автопатот ќе има корист од намалување на транспортните трошоци и времето на патување, подобрување на квалитетот на патничкиот и товарниот сообраќај и ќе се создадат значајни можности за вработувања, особено во индустријата за изградба на патишта

- Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со донесување на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Службен Весник на Република Македонија, ќе се овозможи склучување на Договор за заем помеѓу ЈП за државни патишта и Експорт - импорт банката на Кина, за кој Министерот за финансии во името на Република Македонија ќе потпише Гарантно писмо со кое Република Македонија ќе го гарантира навременото и целосно сервисирање на обврските од заемот.

По потпишувањето на Договорот за заем и Гарантното писмо, ќе се обезбедат финансиски средства за реализација на Проектот за изградба на автопат - делница Миладиновци – Штип.

- Идентификација на можни решенија (опции)

Донесување на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за “Проект за изградба на автопат - делница Миладиновци - Штип”, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта со цел пристапување кон потпишување на Договорот за заем и отпочнување со имплементација на проектните активности.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение (опција): Донесување на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за "Проект за изградба на автопат - делница Миладиновци - Штип", кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, по скратена постапка.

Опис:
Потребните средствата предвидени за реализацијата на "Проект за изградба на автопат - делница Миладиновци - Штип" изнесуваат 306.211.479,18 долари.

90% од вкупната вредност на инвестицијата, односно 278.374.071,98 долари, ќе бидат обезбедени со заем од Експорт - импорт банката на Кина. Преостанатите 10% од вкупната вредност на инвестицијата ќе ги обезбеди ЈП за државни патишта од сопствени средства.

Согласно горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Експорт - импорт банката на Кина ќе биде 278.374.071,98 долари. Заемопримач ќе биде ЈП за државни патишта, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

- Трошоци

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. НЕ

-Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

-Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

-Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

-Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

- Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Вкупните финансиски придобивки изнесуваат 278.374.071,98 долари.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со реализација на овој проект значително ќе се подобрат транспортните врски кон источна Македонија. Автопатската врска ќе обезбеди високо ниво на услуги, вклучувајќи брз, сигурен и безбеден сообраќај. Со изградбата на оваа делница се намалува транспортното растојание помеѓу Скопје и Штип за повеќе од 15 км. Со проектот ќе се намалат трошоците за пристап до пазарите и услугите на заедниците кои се сервисираат преку овој магистрален пат.

Проектот ќе има директно влијание на зголемувањето на вработеноста и економскиот раст. Населението кое што живее во регионите каде што ќе се изведуваат работи на изградба на автопатот ќе има корист од намалување на транспортните трошоци и времето на патување, подобрување на квалитетот на патничкиот и товарниот сообраќај и ќе се создадат значајни можности за вработувања, особено во индустријата за изградба на патишта.

- Ризици и претпоставки

Ризик од ненавремена отплата на заемот од страна на ЈП за државни патишта.

- Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | Резултати приложени во материјалот | Анализи приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

Вршени се консултации со Министерство за транспорт и врски и ЈП за државни патишта.

Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата

1.Краток осврт на преферираното решение/опција:
Донесување на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за “Проект за изградба на автопат - делница Миладиновци - Штип”, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта, по скратена постапка.

2.Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:
- м-р Андрија Алексоски, помошник раководител на Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг, Министерство за финансии
- м-р Ана Тодоровска, помлад соработник, Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг, Министерство за финансии

3.Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:
-Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
- Елена Кузмановска, државен секретар, Министерство за транспорт и врски
-Дејан Николовски, раководител на Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг, Министерство за финансии.

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Има влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2 | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3 | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4 | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Своe мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8 | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | ДА |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

Изјава од министерот

Јас, Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседател на Влада
и министер за финансии:

.................................................................................. Датум: